**Република Северна Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Бр.** 11-1659/1
17**.08.2021 година**
**СКОПЈЕ**

# У П А Т С Т В О

## за постапување при прием на барања за запишување, дополнување или бришење на податоци во Избирачкиот список добиени по електронски пат во Државната изборна комисија (член 50 став 2 од Изборниот законик)

1. Согласно член 50 став 2 од Изборниот законик граѓаните можат за време на траењето на јавниот увид, барањата за запишување, бришење и дополнување на податоците во Избирачкиот список да ги поднесуваат по електронска пошта до Државната изборна.

2. Со своерачно потпишаното барањето се приложуваат и потребните докази наведени во обрасците, Б-1, Б-2, Б-3 усвоени од страната на Државна изборна комисија и објавени на веб страната на Државната изборна комисија во електронска форма.

3.За оваа намена Државната изборна комисија има отворено посебна електронска адреса - e-mail upisis@sec.mk

4.Пристап до оваа електронска пошта имаат вработените во Секторот за избирачки список.

**ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ИЗБИРАЧКИ СПИСОК**

5. Вработените во Секторот за избирачки список се должни:

- постојано во текот на работниот ден да ја отвараат наведената електронска пошта,

- да утврдат согласно адресните податоци на подносителот, кое подрачно одделение или канцеларија е надлежна да постапува по истото и веднаш електронски да го препратат до надлежното подрачно одделение или канцеларија на Државната изборна комисија

- да водат евиденција на пристигнати барања, по датуми и евиденција кога се препратени до соодветното подрачно одделение или канцеларија
- да ги чуваат електронски барањата и приложените докази.

**ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПОДРАЧНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА И КАНЦЕЛАРИИ**

6. По добивањето на барањето од страна на Секторот за избирачки список, вработените во подрачните одделенија и канцеларии се должни да постапат на ист начин како и при поднесени барања во нивните канцеларии, односно :

- да проверат дали барањето е уредно (дали е добро пополнето и дали ги има сите потребни докази во прилог),
- Во случај да не може да се постапува по барањето од причина што не е целосно пополнето, односно недостасуваат одредени податоци или докази или има други недостатоци за постапување по истото, или бараните промени се веќе спроведени, вработените од подрачното одделение или канцеларија преку меил адресата која задолжително се наведува во барањето (Б1, Б2 и Б3) го известуваат подносителот на барањето со укажување истите да бидат отстранени најдоцна до завршувањето на Јавениот увид (09.09.2021 год.).
- да го испринтаат електонски добиеното барање со приложените докази и да го заверат,
- да проверат дали се исполнети законските услови за спроведувањето на барањето, односно дали барањето е основано или неосновано,
- да донесуват соодветно решение во зависност од тоа дали барањето е основано или неосновано,
- да го скенираат изготвеното решение и да го препратат на електронската адреса која задолжително се наведува во барањето (Б1, Б2 и Б3) до подносителот на барањето најдоцна во рок од 24 часа од приемот на истото (член 51 став 1),
- направените промени да ги внесат во соодветен , посебен ИС – образец и excel табели и истиот да го достават до Секторот за избирачки список.

7. Ова Упатство стапува на сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб страната на Државната изборна комисија.

8. Се задолжува Секторот за избирачки список, Секторот за информатичка технологија и подрачните одделенија и канцеларии да постапуваат по ова Упатство.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Даштевски